РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 14 -03- 2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-3811 | | | |


( Образец ПП……)

**До:** Општина Битола

**(имател на информацијата)**

## Б А Р А Њ Е
## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од:

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата:

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

- Колкав е планираниот буџет на Општината за заштита на животната средина и климатски промени?
- За која цел се наменети тие средства?
- Дали општината планира изградба на депонија за справување со отпадот на ниво на општината?
- Каде се планира да биде локацијата на депонијата доколку е во план да се изгради?
- Како во моментов општината управува со отпадот (собирни центри, депонии и сл.)
- Колку средства ќе се наменат за справување со аерозагадувањето
- Дали Општината има регистар за загадувачи на воздух
- Што се презема во моментов за намалување на аерозагадувањето

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

**Потпис**

**Во Скопје, 13.3 2023 година**

______________________________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Валентина Кривашија
Раководител на одделение за урбанистичко
планирање и заштита на животната средина

Бр.11-38/2
14.03.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-38/1 за пристап до информации од јавен карактер, поднесено од

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Примил:

14.03.2023

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 16-03-2023 | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11-38/3 | | | |


ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште**

Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина


Сл-31

14.03.2023 год.

Битола

До
Цветанка Ристевска

ПРЕДМЕТ: Одговор на Барање на информации од јавен карактер

Во врска со Барање од информации од јавен карактер испратено до Општина Битола од страна на а се однесува на податоци поврзани со работата на Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина, Ве информирам дека одговорите на дописот се однесуваат само на надлежностите на горенаведеното одделение.

Имено, во однос на првото прашање, колкав е планираниот буџет на општината за заштита на животната средина, Ве информирам дека Одделението за урбанистичко планирање и заштита на животната средина секоја година изработува Програма за животна средина и средствата наменети за оваа година се 10.472.000,00 денари.

Истите се планирани за изработка на стратешки документи, за субвенционирање и за капитални проекти.

Програмата за животна средина е јавно достапна на страната на Општина Битола.

Во врска со второто и третото прашање, а се однесуваат на одлагање на отпадот на ниво на општината, Ве информирам дека Општина Битола истиот го одлага во депонијата Мегленци.

Согласно проекот на МЖСПП во постапка е реализација на истиот и изградба на нова регионална депонија за Пелагонискиот и Југозападниот плански регион.

За повеќе информации обратете се до надлежното министерство.

Согласно Буџетите од претходните години на Општина Битола наменети за справување со аерозагадувањето, Ве информираме дека Општина Битола, во континуитет субвенционира набавка на клима уреди, субвенционира купување на велосипеди, изработен е Катастар на загадувачи ...

Во врска со подобрувањето на квалитетот на амбиенталниот воздух, Ве информираме дека од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање изготвен е План за подобрување на аерозагадувањето на Општина Битола 2023-2028 година. Истиот е во фаза на добивање на согласностите од страна на надлежното министерство и министерството за здравство, по што ќе следува негово донесување од страна на Советот на Општина Битола и негова имплементација.

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска
Контролирал: м-р Валентина А. Кривашија диа

Раководител на Сектор
м-р Тони Јовановски дги


"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

ЈП КОМУНАЛЕЦ БИТОЛА

| Примен: | 17.03.2023 | | |
|---|---|---|---|
| орг.еди. | број | прилог | вредност |
| | 27-y | | |

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Директор Горан Степановски/
За лице за посредување при остварување
на правото на пристап до информации
од јавен карактер
ЈП Комуналец - Битола

Бр.11-38/4
17.03.2023

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви го доставувам на понатамошно постапување барањето бр. 11-38/1 за пристап до информации од јавен карактер, доставено од Здружение Центар за истражувачко новинарство СКУП Македонија Скопје до Општина Битола.

Ве молиме да одговорите на прашањата под број 3, 4 и 5 во директна комуникација со барателот.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер
Цветанка Ристевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-38/5
20.03.2023

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот поднесено на **13.03.2023 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

Барањето од
по предметот Барање за пристап до информации од јавен карактер: Прашање бр.1 Колкав е планираниот буџет на Општината за заштита на животната средина и климатски промени? Прашање бр.2 За која цел се наменети тие средства? Прашање бр. 3 Дали општината планира изградба на депонија за зправување со отпадот на ниво на општината? Прашање бр.4 Каде се планира да биде локацијата на депонијата доколку е во план да се изгради? Прашање бр.5 Како во моментов општината управува со отпадот? Прашање бр.6 Колку средства ќе се наменат за справување со аерозагадувањето? Прашање бр.7 Дали општината има регистар на загадувачи? Прашање бр. 8 Што се презема во моментов за намалување на аерозагадувањето? **(детален опис на барањето во прилог на решението)**

**СЕ УВАЖУВА**

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на Барањето информација од јавен карактер доставено од имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата:**
**Во Прилог:**
1. Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-38/1
2. Допис до Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр. 11-38/2 од 14.03.2023
3. Одговор од Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина со бр. 11-38/3 од 16.03.2023
4. Достава на барање до ЈП Комуналец со бр. 11-38/4 од 17.03.2023 ( Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, прашањата под број 3, 4 и 5 се доставени до ЈП Комуналец )

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во **Општина Битола** на 20.03.2023 година, под бр. 11-38/5.

**Службено лице за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**
**Цветанка Ристевска**

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk